Република Македонија
Државна изборна комисија

# ЗАПИСНИК
## ОД 62 –ТАТА СЕДНИЦА НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

## ОДРЖАНА НА 21 ФЕВРУАРИ 2014 ГОДИНА

# ЗАПИСНИК
## од шеесет и втората седница на Државната изборна комисија

Шеесет и втората седница на Државната изборна комисија се одржа на ден 21 февруари 2014 година ( петок ) во седиштето на Државната изборна комисија во Скопје со почеток во 12:00 часот.

На седницата присуствуваа:

| | |
|---|---|
| **Никола Рилкоски -** | Претседател на Државната изборна комисија |
| **М – р. Субхи Јакупи -** | Потпретседател на Државната изборна комисија |
| **Влатко Сајкоски -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Сашо Срцев -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Анета Стефаноска -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Виолета Дума-** | Член на Државната изборна комисија |
| **Бедредин Ибраими -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Расим Мустафа -** | Зам. Генерален секретар на Државната изборна комисија. |

На Седницата не присуствуваше Генералниот секретар на Државната изборна комисија, Биљана Стојановска од оправдани причини.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Државната изборна комисија Никола Рилкоски. Претседателот констатира дека е Комисијата во полн состав и дека може да работи и да одлучува полноважно.

За оваа седница беше предложен следниот

**Д Н Е В Е Н Р Е Д:**

**1.Разгледување и усвојување на Записникот од 61 – та Седница на Државната изборна комисија одржана на 18 февруари 2014 година;**
**2.Средство за обележување на лицата кои гласаат – Видливо мастило, со дадени карактеристики;**
**3. Предлог за изгледот на Избирачкиот список;**
**4.Предлог Одлуки за утврдување на потреби од јавни набавки за спроведување на Претседателските избори, 2014 год.**
**5.Предлог Упатство за примена на членот 111 од Изборниот законик,**
**6. Предлог Упатство за примена на членот 112 - а од Изборниот законик,**
**7.Предлог Упатство за примена на членот 113 став 3 од Изборниот законик,**
**8. Предлог Обрасци 16а, 16 гс, 21а и 21 гс за избор на Претседател на Република Македонија;**
**9.Предлог Прирачник за едукација на членовите на Општинските изборни комисии;**
**10.Предлог Одлука за дополнување на Одлуката за утврдување на потребата од формирање на помошни тела на Државната изборна комисија за спроведување на избори за избор на Претседател на Република Македонија, 13 април 2014 год;**
**11.Предлог Одлука за потреба од набавка на приемен штембил за Државната изборна комисија;**
**12.Предлог Заклучок во врска со престанокот на употребата на УВ ламбите и УВ спрејовите;**
**13.Разно**

Се отвори расправа по дневниот ред.

Никој не побара збор и предложениот дневен ред е ставен на гласање и изјаснување.

**Комисијата едногласно, со 7 гласа " ЗА " го усвои предложениот дневен ред.**

**Точка 1:**
**Разгледување и усвојување на Записникот од 61 – та Седница на Државната изборна комисија одржана на 18 февруари 2014 година;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски отвори дискусија по Записникот од 61 – тата Седница на Државната изборна комисија.

За збор се јави Бедредин Ибраими, Член на ДИК, кој кажа дека нема забелешка на содржината на Записникот. Има дискутирано на 61-та Седница на ДИК по точката "Разно" во врска со бројот на избирачи по Изборни единици. Од Изборната единица број 6 се пренесени избирачи во Изборната единица број 5.И покрај оваа измена во Изборната единица број 6 повторно имаме надминување за скоро 1% на избирачите над дозволениот законски цензус од плус 5 %.За ова прашање побара одговор.Највероватно службите го задолжиле Државниот завод за статистика да им одговори но и до денес ДИК нема добиено податоци од ДЗС. Го бара ова известување од ДЗС во поради тоа што ДИК има одговорност да пријави до Министерството за правда ако не е направена измената.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски кажа дека оваа информација ДИК ќе ја добие за брзо време од ДЗС, а доколку не ја добие ДИК ќе завземе став.

Никој друг не побара збор и Записникот од 61 –та Седница на ДИК е ставен на гласање.

**Комисијата едногласно, со 7 гласа " ЗА " го усвои Записникот од 61 – та Седница на Државната изборна комисија одржана на 18 февруари 2014 година.**

**Точка 2:**
**Средство за обележување на лицата кои гласаат – Видливо мастило, со дадени карактеристики;**

Во врска со оваа точка Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски даде збор на Виолета Дума, Член на ДИК.

Виолета Дума, Член на ДИК кажа дека ДИК смета дека има потреба да даде кратко објаснување во врска со членот 89 од Изборниот законик во кој стои дека во изборниот материјал за спроведување на изборите е и средството за обележување на лицата кои гласаат – Видливо мастило. За првпат на овие избори Република Македонија ќе има нов начин на обележување на гласачите. ДИК веднаш, во границите на своите овластувања превзема дејствија, отиде во Република Албанија да види какво е мастилото (доби урнек од истото )и како се користи. Видливото мастило Република Албанија видливото мастило го користела на последните избори. На работен состанок ДИК ги разгледа и ги надополни карактеристиките на Видливото мастило. Меѓу другите карактеристики мастилото ќе биде во форма на маркер-пенкала и ќе остава видлив отпечаток на површината на која се нанесува. Се нанесува на палецот на десната рака и тоа од средината на палецот, на ноктот и на дел од месото, со трајност од најмалку 24 часа по нанесувањето. ДИК има потреба од набавка на 15.000 маркери кои треба да бидат испорачани кон крајот на месец март 2014 год. Набавката ќе биде од странство бидејќи во Република Македонија нема производител. На маркерите ќе се отпечати логото на ДИК, текст

и еден знак како лозинка која ќе ја знае само Претседателот на ДИК. Заради заштита од евентуален фалсификат таа ќе биде највисоко ниво. Се работи за итност на постапката за набавка на маркерите која ќе биде квалитетна и во согласност со законот и ДИК ќе ја спроведе без никаков проблем.

За збор се јави Влатко Сајкоски, Член на ДИК кој кажа дека Виолета Дума даде исцрпно и добро објаснување во врска со Видливото мастило. ДИК ги усвои карактеристиките на мастилото од техничка гледна точка. Смета дека е ова еден чекор наназад но оди во правец на зголемувањето на довербата на учесниците во изборниот процес.

**Комисијата едногласно, со 7 гласа " ЗА " го прифати Видливото мастило како средство за обележување на лицата кои ќе гласаат за избор на Претседател на Република Македонија ,2014 год.**

**Точка 3:**
**Предлог за изгледот на Избирачкиот список;**

Во врска со оваа точка Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски даде збор на Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи.

Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи објасни дека оваа точка веќе еднаш беше на дневен ред. Во комуникација со Државниот завод за статистика ДИК го утврди изгледот на изводот од Избирачкиот список. Првата и последната страница на изводот на Избирачкиот список за општините во кои најмалку 20 % од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, ќе бидат на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на службениот јазик и писмото што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во таа општина, што е во слад со одредбите на Изборниот законик.

Никој друг не побара збор и Предлогот за изгледот на Избирачкиот список кој го објасни Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи е ставен на гласање.

**Комисијата едногласно, со 7 гласа " ЗА " го усвои предлогот за изгледот на Избирачкиот список првата и последната страница на изводот на Избирачкиот список за општините во кои најмалку 20 % од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, ќе бидат на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на службениот јазик и писмото што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во таа општина.**

**Точка 4:**
**Предлог Одлуки за утврдување на потреби од јавни набавки за спроведување на Претседателските избори, 2014 год.**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски даде образложение дека на неколку работни состаноци ДИК работела на донесувањето на Финансискиот план и Годишниот план за вкупните потреби за јавни набавки во 2014 година и договорен е составот на комисиите кои ќе ги вршат јавните набавки. Во врска со ова се направени Предлог Одлуки за утврдување на потреби од јавни набавки за спроведување на Претседателските избори, 2014 год од кои се гледа составот на Комисиите и за какви набавки се работи. Тоа се следните Предлог Одлуки:

1.Одлука за потреба од јавна набавка на останата опрема за потребите на изборите – систем за озвучување во салата за состаноци на ДИК,

2.Одлука за потреба од јавна набавка на услуга за транспорт на доверлив и недоверлив изборен материјал за Претседателските избори 2014 год,

3. Одлука за потреба од јавна набавка на услуга за печатење на прирачници за едукација на изборните органи за Претседателските избори 2014 год;

4. Одлука за потреба од јавна набавка на услуга за печатење на Избирачки список;

5. Одлука за потреба од јавна набавка на услуги за изготвување на едукативна кампања за гласачите за Претседателските избори 2014 год;

6. Одлука за потреба од јавна набавка на услуга за печатење на гласачки ливчиња и останат доверлив и недоверлив изборен материјал;

7. Одлука за потреба од јавна набавка на услуги за изработка на промотивен материјал за Претседателските избори 2014 год. за набљудувачките мисии и амбасадите на странските земји во Република Македонија и за ДИК;

8. Одлука за утврдување на потреба од јавна набавка на печати за Општинските изборни комисии и мали печати со број на избирачко место за спроведување на Претседателските избори 2014 год.;

9.Одлука за јавна набавка за средство за обележување и проверка на лицата кои гласале;

10. Одлука за потреба од јавна набавка на услуги за изработка на беџови за идентификација на изборните органи, изборната администрација, овластените претставници на подносителите на листите на кандидат, меѓународните и домашните набљудувачи за Претседателските избори 2014 год.

Никој друг не побара збор и горе наведените Предлог Одлуки се ставени на гласање.

**Комисијата едногласно, со 7 гласа " ЗА " ги усвои сите горе наведени Одлуки за утврдување на потреби од јавни набавки за спроведување на Претседателските избори, 2014 год. Одлуките се составен дел на овој Записник.**

**Точка 5**

**Предлог Упатство за примена на членот 111 од Изборниот законик,**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, предложи поради тоа што точките 5, 6 и 7 од дневниот ред се однесуваат на Предлог Упатства за примена на членовите 111, 112-а и 113 став 3 од Изборниот законик расправата да се води по сите три точки заедно, а гласањето поодделно за секое Предлог Упатство.

**За Точка 5 - Предлог Упатство за примена на членот 111 од Изборниот законик, Точка 6 - Предлог Упатство за примена на членот 112 - а од Изборниот законик, Точка 7 - Предлог Упатство за примена на членот 113 став 3 од Изборниот законик,** заедно ќе се расправа.

Во врска со оваа точка Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски даде збор на Бедредин Ибраими, Член на ДИК.

Бедредин Ибраими, Член на ДИК прво даде објаснување за Упатството за примена на членот 111 од Изборниот законик. Ова Упатство се однесува на гласање на немоќно и болно лице кое гласа 1 ден пред одржувањето на изборите, а во рок од 7 дена пред денот определен за гласање ќе ја извести ОИК дека сака да гласа. За поздравување е тоа што ДИК во точката 1 од Упатство точно прецизира кое лице е болно и немоќно лице да се знае и за граѓаните и за докторите кои даваат медицински белешки. Покрај известувањето немоќно и болно лице треба да достави во оригинал и медицински доказ или решение за користење на туѓа нега од трето лице за болестите наведени во точката 1 од Упатството ( точка 2 од Упатството ). Во ова Упатство е објаснета целата постапка на гласањето на немоќно и болно лице се со цел да се надминат неправилностите во врска со примената на членот 111 од Изборниот законик.

Што се однесува до Упатство за примена на членот 113 став 3 од Изборниот законик, тоа е многу слично со Упатството за примена на членот 111 од Изборниот

законик само ова Упатство се однесува на избирачи кои на денот на гласањето се наоѓаат на издржување на мерката куќен притвор.

Упатство за примена на членот 112 - а од Изборниот законик се однесува на избирачи – лица со посебни потреби, кои не можат да влезат односно да пристапат во гласачкото место, како да се спроведе гласањето. Сите овие Упатства ќе им послужат и на Општинските изборни комисии и на Избирачките одбори за спроведување на изборите за Претседател на Република Македонија.

За збор се јави Анета Стефановска, Член на ДИК, која кажа дека има голема доверба во здравствените работници кои ги даваат медицинските белешки но добро е да се имаат овие Упатства заради зголемувањето на довербата на граѓаните. Смета дека со новата законска регулатива во здравството сега не е можно да се случат манипулации но и ДИК дава допринос за елиминирање на сите можни злоупотреби.

Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи кажа дека ДИК во Упатството за примена на члено111 од Изборниот законик заради надминување на злоупотребите ги набројува сите болести за кои надлежниот лекар може да даде потврда дека се работи за немоќно или болно лице, што е голем чекор напред. Предлага во насловот на овие три Упатства освен наведениот член од Изборниот законик да стои и за што се однесува Упатството, за да биде попрегледно и веднаш да се знае за какво Упатство се работи. (На пр. Упатството за примена на члено111 од Изборниот законик за немоќно или болно лице и др. )

За збор се јави Виолета Дума, Член на ДИК која го подржа Предлогот на Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, кажа дека Предлогот на Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи се прифаќа во сите три Упатства во насловите да се додаде појаснување што претставуваат членовите 111, 112-а и 113 став 3 од Изборниот законик.

Никој друг не побара збор и сите три предложени Упатства со Предлогот на Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи се ставени на гласање.

**Комисијата едногласно, со 7 гласа " ЗА " го усвои Упатството за примена на членот 111 од Изборниот законик, Упатството за примена на членот 112 - а од Изборниот законик и Упатството за примена на членот 113 став 3 од Изборниот законик со Предлогот на Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи.**

**Точка 8:**
**Предлог Обрасци 16а, 16 гс, 21а и 21 гс за избор на Претседател на Република Македонија;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, кажа дека се овие Обрасци обработувани на работен состанок на ДИК.

Потпретседателот на ДИК ,М-р Субхи Јакупи кажа дека нема забелешки на Обрасците. Некои забелешки беа дадени на работен состанок и сигурно се вметнати во Обрасците.

Никој друг не побара збор и Предлог Обрасците 16а, 16 гс, 21а и 21 гс за избор на Претседател на Република Македонија се ставени на гласање.

**Комисијата едногласно, со 7 гласа " ЗА " ги усвои Обрасците 16а, 16 гс, 21а и 21 гс за избор на Претседател на Република Македонија.**

**Точка 9:**
**Предлог Прирачник за едукација на членовите на Општинските изборни комисии;**

Во врска со оваа точка Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски даде збор на Влатко Сајкоски, Член на ДИК.

Влатко Сајкоски, Член на ДИК објасни дека Прирачникот за едукација на членовите на Општинските изборни комисии е обврска на ДИК согласно Планот за едукација. Прирачникот е разгледан а тој лично го има прегледано и прочитано неколку пати. Прирачникот е добро решен и во него е опфатена законската регулатива. Овој Предлог Прирачник треба да биде надополнет со Обрасците кои ДИК ги усвоила а кои се потребни на ОИК. Прирачникот треба да биде усвоен и да се спроведе јавна набавка за да биде побрзо испечатен.

За збор се јави Потпретседателот на ДИК ,М-р Субхи Јакупи кој кажа дека нема суштински забелешки на Прирачникот. Прирачникот на секој избори се надополнува и се подобрува квалитетот. За да биде пософистициран во него можат да се стават и трите карти кои ги има ДИК за општините и ОИК и за Изборните единици, за да на другите лица кои го читаат овој Прирачник им биде попрегледно. Добро е овие три карти да бидат ставени како прилог кон Прирачникот. Ако се прави Прирачник за набљудувачите добро е да има и кратка содржина со податоци за државата, а во Прирачникот за дијаспората да се стават градовите каде Република Македонија има ДКП и конзуларни канцеларии.

Никој друг не побара збор и Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски Предлог Прирачникот за едукација на членовите на Општинските изборни комисии со Предлогот на Потпретседателот на ДИК ,М-р Субхи Јакупи да се додадат трите карти, го стави на гласање.

**Комисијата едногласно, со 7 гласа " ЗА " го усвои Прирачникот за едукација на членовите на Општинските изборни комисии.**

**Точка 10:**
**Предлог Одлука за дополнување на Одлуката за утврдување на потребата од формирање на помошни тела на Државната изборна комисија за спроведување на избори за избор на Претседател на Република Македонија, 13 април 2014 год;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски објасни дека оваа Одлука се однесува на ангажирање на 17 надворешни лица за спроведување на јавен увид на Избирачкиот список и за собирање на потписи за независен кандидат за Претседател на Република Македонија во општините каде ДИК нема свое подрачно одделение односно канцеларија. Со оваа Предлог Одлика се врши дополнување на Одлуката за утврдување на потребата од формирање на помошни тела на Државната изборна комисија за спроведување на изборите за Претседател на Република Македонија, 13 април 2014 год;

За збор се јави Потпретседателот на ДИК ,М-р Субхи Јакупи кој кажа дека оваа Одлука треба да се донесе. ДИК направи голем чекор и во сите 80 општини има свои претставници, односно има отворено канцеларии. Ова се покажува како многу успешен чекор на ДИК. За понатаму 17 лица треба да се вработат во ДИК за да секогаш ДИК има канцеларии во сите 80 општини и да биде присутна во општините. Стратешкиот план на ДИК е добар и така треба да се одвиваат работите во ДИК во наредните години.

Никој друг не побара збор и Предлог Одлуката за дополнување на Одлуката за утврдување на потребата од формирање на помошни тела на Државната изборна комисија за спроведување на избори за избор на Претседател на Република Македонија, 13 април 2014 год. е ставена на гласање.

**Комисијата едногласно, со 7 гласа " ЗА " ја усвои Одлуката за дополнување на Одлуката за утврдување на потребата од формирање на**

**помошни тела на Државната изборна комисија за спроведување на избори за избор на Претседател на Република Македонија, 13 април 2014 год. Одлуката е составен дел на овој Записник .**

**Точка 11:**
**Предлог Одлука за потреба од набавка на приемен штембил за Државната изборна комисија;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски објасни дека едниот штембил на ДИК е исклучиво во функција на архивата. Потребен е уште еден приемен штембил на ДИК во изборен процес кој ќе се разликува од постоечкиот со додавка на бројот 2.

Никој не побара збор и Предлог Одлуката за потреба од набавка на приемен штембил за Државната изборна комисија е ставена на гласање.

**Комисијата едногласно, со 7 гласа " ЗА " ја усвои Одлуката за потреба од набавка на приемен штембил за Државната изборна комисија. Одлуката е составен дел на овој Записник .**

**Точка 12:**
**Предлог Заклучок во врска со престанокот на употребата на УВ ламбите и УВ спрејовите;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски објасни дека за овој Предлог Заклучок се разговарало на работен состанок. Заклучокот се однесува на УВ ламбите и УВ спрејовите кои веќе не се во функција за овие избори. Во Заклучокот е точно наведен бројот на УВ ламбите и УВ спрејовите .Да се чуваат запечатени и затворени во посебна просторија во магацинот на ДИК сместен во павиљонот на касарната "Илинден" во Скопје.

Никој не побара збор и Предлог Заклучокот во врска со престанокот на употребата на УВ ламбите и УВ спрејовите е ставен на гласање.

**Комисијата едногласно, со 7 гласа " ЗА " го усвои Заклучок во врска со престанокот на употребата на УВ ламбите и УВ спрејовите. Заклучокот е составен дел на овој Записник.**

**Точка 13:**
**Разно**

По точката "Разно" за збор се јавија:

- Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи, кој кажа дека има неколку прашања:

1. Да се задолжи Заменик Генералниот секретар на ДИК да се стапи во контакт со ОИК дека денес треба да имаат дежурства во ОИК за политичките партии да ги достават предлозите за членови на ИО;
2. Во ДИК да има дежурство за политичките партии да ги достават предлозите за членови на ИО кој треба да се формира во ДИК за спроведување на гласањето на членовите на ИО за ДКП;
3. Рокот е до 22.02.2014 год. општините да го утврдат и објават местото за плакати и рекламирање во општините и во градот Скопје за непречено остварување на правото на подносителите на листи за истакнување изборни плакати. Да се задолжи Заменик Генералниот секретар на ДИК да задолжи лице да контактира со сите секретари на општините по ова прашање;
4. Граѓанската асоцијација МОСТ имаше реакција и ДИК одговори во врска со писмото на МОСТ. ДИК и МОСТ не се паралелни органи и МОСТ може да ни укаже ако помине некој рок но ДИК има постапено и формирано 504 нови гласачки места

и поделени се гласачите во тие 504 гласачки места. Локацијата е иста а ако е крос 1 се менува само просторијата каде се гласа. ДИК секојдневно за ова ги информира граѓаните.

5. Еден вид на Предлог е да се направи и Прирачник за набљудувачите како кратко упатство за набљудувачите кој ќе биде од корист и на набљудувачите и на ОИК и ИО и за да се надмине голем дел од недоразбирањата.

6. ДИК секој ден добива Преглед на примени пријави за гласање во странство. Да одговори Заменик Генералниот секретар на ДИК дали е пристапено кон надградба на софтверот.Пријавите треба да се разгледаат, ДИК да донесе решенија а незадоволните лица имаат право да поднесат тужба до Управен суд.

- Бедредин Ибраими, Член на ДИК кажа дека општините треба да обезбедат место за плакати и да се известат со писмо да ја исполнат оваа обврска утврдена во членот 78 од Изборниот законик.

- Заменик Генералниот секретар на ДИК кажа дека е контактирано со ОИК да има дежурства а пуштено е писмо преку меил да работат до 24:00.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, поради тоа што немаше други пријавени за дискусија, констатираше дека дневниот ред е исцрпен и ја затвори шеесет и втората седница на ДИК.

Составен дел на Записникот од оваа Седница е аудио снимката на Седницата.

**62-тата седница на Државната изборна комисија заврши во 13:20 часот.**

**Број** 07-473/2
27.02. **2014 година**

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА**
**ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА,**
**Биљана Стојановска**

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Никола Рилкоски**

**Изготвил: Зорица Петровиќ**